EVN Group

Приключок на
електродистрибутивна мрежа

1 Кога до нов или реконструиран приклучок на електродистрибутивната мрежа?

Оваа наша услуга ви е потребна при:

- → изградба на нов објект
- → поставување генератори од обновливи извори
- → инсталирање уред за складирање електрична енергија
- → потреба од зголемување на одобрената максимална едновремена моќност
- → промена или реконструкција на приклучокот
- → одвојување инсталации на објект што е веќе приклучен на дистрибутивната мрежа
- → спојување инсталации на објект што е веќе приклучен на дистрибутивната мрежа
- → времен приклучок за: градилиште, манифестација, урбана опрема, пумпа за вода, оранжерија и сл.

2 Како се поднесува барање за приклучок?

Барањето можете да го поднесете на лесен и едноставен начин преку електронската платформа на Електродистрибуција. Потребно е да имате валидна електронска пошта со која ќе креирате кориснички профил на платформата.

Креирајте профил:

- → Одете на **https://online.elektrodistribucija.mk** и одберете ја опцијата **„Регистрирај се“**
- → Внесете електронска пошта и лозинка за платформата и кликнете **„Регистрирај се“**
- → Активирајте го профилот преку линкот што ќе го добиете на вашата електронска пошта

Поднесете барање:

- → Пристапете на **https://online.elektrodistribucija.mk** и кликнете на копчето **„Најави се“**
- → Внесете ја вашата електронска пошта и лозинка и кликнете на копчето **„Најави се“**
- → Одберете ја опцијата **„Поднеси барање“** и следете ги натамошните чекори

3 Кои се придобивките од електронското барање за приклучок?

- → Заштеда на време – нема потреба од посета на нашите приемни канцеларии
- → Целосен и транспарентен увид во постапката за приклучување
- → Актуелен статус на реализација на барањето за приклучување
- → Едноставно одобрување на документацијата од ваша страна
- → Пристап до сите документи поврзани со вашето барање за приклучок
- → Навремени известувања за промена во статусот на барањето на електронска пошта и во корисничкиот профил

4 Колку долго ќе трае постапката за реализација на новиот приклучок?

Во зависност од повеќе услови можете да очекувате приклучокот да се реализира во период не подолг од 50 дена за стандардни приклучоци, односно не повеќе од 100 дена за нестандардни приклучоци*. Под период на реализација се подразбира времето од датумот на поднесување на барањето до физичка реализација на приклучокот.



* Овие рокови за реализација на приклучокот се однесуваат само за активностите што треба да ги спроведе Електродистрибуција. Тие можат да се одолжат во зависност од обврските што треба да ги спроведе барателот на приклучок и доколку за реализација на приклучокот е потребно обезбедување дозволи од надлежните институции. Во стандардна процедура рокот за обезбедување на дозволите е до 70 дена, кој во одредени случаи може да се продолжи.

5 Како треба да изгледа внатрешниот приклучок и кои услови треба да бидат исполнети?

Внатрешен приклучок е делот од мерниот орман (кој се поставува на граница на вашиот имот) до вашиот објект. Внатрешниот приклучок е ваша сопственост и вие сте одговорни за негово безбедно функционирање. Со самото ставање под напон, внатрешниот приклучок станува составен дел од дистрибутивниот систем. Поради ова внатрешниот приклучок мора да биде изведен по одредени пропишани правила, пред сè заради вашата безбедност. Пред пуштање под напон ваша обврска е да доставите потврда дека внатрешниот приклучок и внатрешната инсталација во објектот се изведени во согласност со важечките технички стандарди и прописи.

Систем за заштита на внатрешната инсталација на објектот:

Мора да се користат „заземјување на нултиот спроводник“ и „ФИД прекинувач“ како мерки за заштита во секоја нова електрична инсталација за да се избегнат можни опасности, кои можат да настанат во случај на струи на грешка при дефекти во внатрешната инсталација. Овие мерки може да се применат и како дополнителни мерки за заштита од пожар.

Доколку имате потреба од приспособување на вашата постојна електрична инсталација кон овие мерки за заштита би сакале да ве замолиме да контактирате со локалниот кориснички енергоцентар (КЕЦ).


Внатрешната инсталација треба да биде заштитена од струи на преоптоварување и од струи на куси врски со помош на топливи или автоматски осигурувачи. За обезбедување селективност кон главните осигурувачи за приклучокот, осигурувачите во внатрешната инсталација не би смееле да бидат поголеми од 35 А за инсталации во индивидуални станбени објекти. Независно од видот на приклучокот, секој објект треба да има инсталирано одводници на пренапон. Тие ја заштитуваат чувствителната електронска опрема како компјутери, телевизори или други електронски уреди.

Систем на заземјување:


На секој објект за кој е потребен приклучок на дистрибутивната мрежа (домаќинство, комерцијален или индустриски објект) потребен му е сопствен систем на заземјување. За секој нов објект препорачлив е систем на заземјување што е поставен во темелите на објектот (темелен заземјувач). Во случај на постоен приклучок што нема систем на заземјување, можно е да се изведе на еден од следниве начини:

- со полагање железна цинкувана лента со димензии од 40x4 mm. Таа треба да биде положена во земја и да биде со должина од минимум 10 метри.
- со набивање во земја на 3 сонди за заземјување, кои треба да се со должина од 1,5 метар. Меѓусебното растојание меѓу сондите треба да биде минимум 3 метри.

Како треба да изгледа вашиот внатрешен приклучок во случај на приклучување од надземна електродистрибутивна мрежа:



Како треба да изгледа вашиот внатрешен приклучок во случај на приклучување од подземна електродистрибутивна мрежа:



1 – Приклучен кабел од мерен орман до приклучна кутија на објектот со тип и пресек од минимум:

NAY2Y-J 4x16 mm^2 или 4x25 mm^2

2 – Внатрешна инсталација на објектот со кабел NYY 4x10 mm2 или кабел во согласност со проектот

3 – Врска меѓу (PE)N спроводникот од доводниот кабел и заземјувањето за објектот на корисникот*

* Доколку нема можност да се поврзе (PE)N спроводникот од дистрибутивната мрежа и заземјувањето за објектот на корисникот, нема потреба да се направи оваа врска.